**Елизабета БАНДИЛОВСКА**

**821. 163. 3 – 93. 09 (049. 3)**
**821. 163. 3 – 93. (091) (049. 3)**
**398 – 053. 2 (=163. 3) (049. 3)**
**82 – 93. 09 : 316. 722 (049.3)**

# НИЗ КУЛТУРНО-НАУЧНАТА ПРИЗМА НА ДЕЛОТО „КНИЖЕВНИ ПРОСЛЕДБИ И СТУДИИ“ (Мито Спасевски, *Книжевни проследби и студии,* Скопје 2016, 300 стр.)

Голема е честа како ученик на учениците на Конески да пишувам за еден од учениците на Конески, да пишувам за мојот драг професор и почитуван колега од кого може многу да се научи за животот, за љубовта кон луѓето, за нашата професија како учители и пренесувачи на моќта и мудроста на убаво кажаниот и убаво напишаниот збор на оние кои треба да ја продолжат мисијата на изразување, творење и создавање нови и уште побагати врвици по кои ќе чекорат нашите идни поколенија. Оттука, најнапред, ја изразувам мојата голема благодарност за укажаната можност да проговорам за авторот, проф. д-р Мито Спасевски, и за неговото последно книжевно-уметничко остварување насловено како *Книжевни проследби и студии*, уште едно значајно дело во доменот на македонската книжевност и критичка есеистика, уште позначајно во доменот на македонската книжевност за деца. Впрочем, и самото дело претставува еден вид рефлексија на сите проблесоци и одгласи на детското и детскиот свет од минатото до денес, опсервирани од моќното перо на еден внимателен запишувач, прецизен толкувач и вистински почитувач на уметноста посветена на децата и напишана за децата. Истовремено, делото претставува уште еден исчекор во насока на потврдување на богатиот научно-истражувачки опус на авторот, но и во насока на студиозно опсервирање широк спектар прашања од богатата ризница на македонската книжевност под објективната лупа на нејзиниот проучувач, проф. Мито Спасевски.

Во однос на својата структурна поставеност, ракописот *Книжевни проследби и студии* е поделен во четири поглавја во кои се застапени 24 одделни опсервации со внимателно избрана фокусна детерминанта насочена кон различни книжевни интереси која тежнее кон актуализирање различни контексти, временски и просторни поставки, творечки проникнувања и книжевни испреплетувања. Обединети на еден мошне оригинален начин од мудрата мисла и вештата обединувачка постапка на авторот, пред нас имаме еден сублимиран израз на творечки материјал распослан низ два века и расфрлан низ бројните страници на познати и помалку познати македонски творци, истовремено допирајќи ги и најпознатите светски дела од областа на книжевноста за деца. Сето ова оди во прилог на умешноста и успешноста на авторот да го синтетизира и да го претстави на едно место спојот на временски и просторно различните творечки предизвици во книжевноста за деца на домашните познати, непознати или подзаборавени четива и класичните светски дела.

Во првото поглавје насловено како *Книжевно-критички текови* авторот се осврнува на повеќе прашања: развојноста и тековите на современата поезија за деца, почнувајќи од најголемите македонски собирачи на народни умотворби Марко Цепенков, Кузман Шапкарев и браќата Миладиновци кои, всушност, беа и првите записничари на бројни прилози и игри за деца, од кои ќе ги споменеме сказната Силјан Штркот од Цепенков и песните Шупељка, Голапче и Сираче од К. Миладинов. Посветувајќи им внимание и на другите македонски преродбеници кои во наследство оставиле свои песни или прилози за деца, како на пример, Андреа Петковиќ, Григор Прличев и Ефтим Спространов, преку преминот во 20 век и појавата на првите меѓувоени и поствоени автори, Радослав Петковски, Христо Попсимонов, Никола Јонков Вапцаров, Мите Богоевски, Волче Наумчевски во чии скромни но содржински богати творечки опуси се среќаваат и жанровски

различни творби посветении на децата, авторот многу вешто ја отсликува развојната врвица на македонската книжевност за деца, доаѓајќи до првата современа книжевна генерација автори чија доминантна творечка област е токму литературата за деца: Славко Јаневски, Лазо Каровски, Борис Бојаџиски, Васил Куновски, предводена од нејзиниот родоначалник и автор на првата стихозбирка за деца, Ванчо Николески. Со вешт критички осврт и опфат на втората и на третата книжевна генерација, авторот Спасевски истовремено вешто го слика портетот на тематско-мотивските специфики од надраснувањето на народното влијание, оддалечувањето од минатото до фокусирање на современиот детски свет и урбаното живеење. Во овој дел авторот, исто така, особено внимание посветува на македонскиот книжевен вундеркинд, Ацо Караманов, и на детскиот тематски свет во неговите книжевни огледалца; на народното творештво за деца погледнато низ призмата на богатото книжевно наследство што ни го остави проф. д-р Томе Саздов; на детските ликови во македонската литература за деца тематски поврзани со НОБ; на автентичниот книжевен израз на неколку современи македонски автори, Македонка Јанчевска, Димитар Грумар, Иван Котев, Виолета Мартиновска, Васил Тоциновски; преку приказ на современата драмска литература за деца и нејзината испреплетеност со народното творештво, почнувајќи од драмските народни игри за деца кои се среќаваат кај Шапкарев и Миладиновци па сè до нивната актуализација во проучувачкиот опус на Томе Саздов.

Вториот дел од ракописот насловен како *Интеркултурни книжевни дискурси* дава извонреден приказ на интеркултурноста и на книжевно-творечките поставки при што авторот апострофира значајни прашања од доменот на креативното осмислување, композициската структура, книжевно-тематската платформа, инсталирањето на книжевните ликови, дијалошката конверзација, претставени како значјни творечки кодови чие постепено одгатнување ја открива пораката на литературното дело и го носи читателот од едниот до другиот брег преку различни комуниколошки мостови. Притоа, авторот многу суптилно и емотивно се обидува да ги дефинира книжевноста како ковачница на убавиот исказ и зборот како уметност, како акустична боја на мислата и на чувството и да ги синхронизира двата поими во една димензија – книжевноста како уметност на зборовите. Истовремено, авторот на многу сензибилен начин го анимира литературното творештво за деца и од деца преку наставните и вонннаставните активности, потенцирајќи го огромното поттикнувачко влијание на литературата за деца врз литературното творештво и креативното изразување кај децата.

Третото поглавје со наслов *Уметничко-естетското и сознајното во литературното творештво* актуализира одделни прашања кои се простираат врз пошироки книжевно-критички констелации и одгласи опсервирани низ призмата на сознајноста и дострелот на современите општествени разгранувања и рефлексии. Како основни постулати врз кои го гради својот критички исказ, авторот Спасевски ги опсервира уметничките, естетските, етичките и воспитните елементи во литературата за деца, правејќи луцидни илустративни паралели и прошетки низ познати литературни дела за деца од наши и светски познати писатели.

Во четвртиот дел од книгата насловен како *Книжевни паралели* авторот прави книжевно-критички и аналитички разглобувања, многу умешно и успешно поврзувајќи ја тематско-мотивски и естетско-уметнички македонската литературна сцена со одделни европски и јужнословенски остварувања. Со моќта на своето перо, Спасевски на повидок ги бележи творечките визии и раскажувачките одгласи на руската книжевност за деца и авторите Максим Горки, Лав Толстој, Иван Андреевич Крилов, Алексансар Сергеевич Пушкин, како и на француската книжевност за деца претставена преку делата на Виктор Иго, Жорж Санд, Шарл Перо, Жил Верн, Ла Фонтен. Во овој контекст, авторот се задржува и на влијанието на Борисав Станковиќ на македонската книжевна и културна сцена.

Книгата *Книжевни проследби и студии* претставува еден извонреден приказ на исклучително значајни аргументации и книжевно-критички становишта на авторот, опфаќајќи ја оригиналноста и креативноста на творците и на нивните дела во доменот на книжевноста за деца, изнесувајќи на површина издржани и аргументирани сознанија и проследувања на актуелни теми

извлечени од повеќе и временски различни симетрали, давајќи особено значаен придонес во актуелните и современи текови на македонската книжевна мисла.

Почитувани вљубеници во убавиот збор и почитувачи на уметноста на зборот, пред нас имаме уште едно дело кое ја осветлува врвицата на илјадниците убави зборови напишани многу, многу долго време пред нас, дело кое ја буди нашата љубопитност да истражуваме и понатаму и да им дадеме ново толкување на мудрите мисли запишани од нашите книжевни претходници, дело кое треба да се најде во рацете и на многу интелектуалци и на обичните луѓе, и особено меѓу наставниците кои ползувајќи го овој ракопис треба да настојуваат да ја доближат уметноста на зборот до децата, да ги научат да ги впиваат уметничките бои на зборовите, да си играат со нишките на зборовите и, можеби, да создадат од нив идни литературни творци.